МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

*ПРОЕКТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ СО ЛОКАЛНИ ПАТИШТА*

THE WORLD BANK

# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СО СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ (ПУЖССА)

*за потребите на проектот*

*Реконструкција на локалната улица: Христијан Тодоровски - Карпош, во Општина Чешиново - Облешево*



Ноември, 2019

Подготвила:

М-р Славјанка Пејчиновска-Андонова, инженер за животна средина,

Експерт за животна средина и социјални аспекти

## Содржина


1. ВОВЕД ..... 1

2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ ..... 2

2.1 Појдовна состојба на Општина Чешиново-Облешево ..... 2

2.1.1 Демографија ..... 3

2.1.2 Климатски одлики ..... 3

2.1.3 Сеизмологија ..... 4

2.1.4 Вода ..... 4

2.1.5 Квалитет на воздухот ..... 4

2.1.6 Отпад ..... 5

2.1.7 Геологија и почва ..... 5

2.1.8 Флора и фауна ..... 5

2.1.9 Бучава ..... 6

2.1.10 Културно наследство ..... 6

2.2 Локација на проектот ..... 6

2.3 Проектни активности ..... 9

2.4 Чувствителни рецептори ..... 9

3. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ВЛИЈАНИЈА И РИЗИК ПО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КАКО И ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО И РИЗИКОТ ..... 10

Спроведување на ПУЖССП ..... 12

Јавно објавување ..... 13

4. ПЛАН ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКО-СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ ..... 14

5. ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ ..... 17

6. АНЕКС ..... 21

АНЕКС I Спроведување на постапка за јавен увид на документ и учество на јавноста на јавна расправа во Општина Чешиново Облешево ..... 23


СЛИКИ


Слика 1 Локација на Општина Чешиново-Облешево ..... 2

Слика 2 ГИС-модел на подрачја под зголемен ризик од поплави (виолетова боја), свлечишта (портокалова) и засилена ерозија (црвена боја) во РСМ ..... 4

Слика 3 Растителни и животински претставници во Општина Чешиново-Облешево ..... 6

Слика 4 Црква Свети Архангел Михаил во с. Спанчево ..... 6

Слика 5 Микролокација на улицата за осовременување во с. Чешиново ........ 7

Слика 6 Макролокација на проектното подрачје во с. Чешиново........ 7

Слика 7 Актуелна состојба на проектното подрачје во село Чешиново ........ 9

Слика 8 Графички приказ на проектната локација во с. Чешиново ........ 21

Слика 9 Надолжен пресек на изгледот на релевантната улица и системот за канализација........ 22

ТАБЕЛИ

Табела 1 Планирани проектни активности во Општина Чешиново-Облешево ........ 9

Табела 2 Потенцијални влијанија и ризици по животната средина ........ 10

КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ОВЖС | Оценка на влијанието врз животната средина |
| РУЖССА | Рамка за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ПУЖССА | План за управување со животната средина и со социјалните аспекти |
| ВРП | Важно растително подрачје |
| ППЛП | Проект за поврзување со локални патишта |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МСЗ | Макро-сеизмички |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| ЗБР | Здравје и безбедност при работа |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЕСП | Единица за спроведување на проектот |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |

# 1. ВОВЕД

Актуелната ситуација на транспортниот сектор во Република Северна Македонија покажува лоша состојба на локалната патна мрежа, незадоволително ниво на финансиски средства за одржување на патиштата, слаби странски инвестиции во секторот за дистрибуција и транспорт и сл. Ваквата лоша состојба на локалните патишта е резултат на недостигот на финансиски капацитет на локалната самоуправа, што во земјата се разликува од регион до регион. Некои локални патишта во руралните средини се во неприфатлива состојба и без пристап до болници, училишта и пазари, така што ова прашање носи и социјални проблеми.

Министерството за транспорт и врски ќе го спроведе Проектот за поврзување со локални патишта (ППЛП), со 70 милиони евра инвестиции обезбедени од Светска банка, за да ги поддржи општините во земјата, главно при санирање на постојната локална патна инфраструктура (градски/селски улици, регионални и локални патишта), реконструкција, рехабилитација, осовременување, пешачки патеки, улично осветлување, канализација и при градење на капацитетите на општинската администрација.

Министерството за транспорт и врски предлага распределба на средствата од заемот на Светска банка за спроведување на следниве проектни активности:

- осовременување на земјените патишта/улици;
- реконструкција на постојните локални патишта/улици;
- санација на постојните локални патишта/улици;
- воведување мерки за безбедност на патиштата како на пр., пешачки патеки долж едната или двете страни на улиците/локалните патишта, електрификација, канализација.

Со овој проект не се предвидува изградба на нов локален пат (со нова траса).

При изработка на вакви проекти, во согласност со националните барања за животна средина (Закон за животна средина и подзаконски акти), до МЖСПП треба да се достави Писмо за намера да се започне проект, при што се иницира постапка за оцена на влијанието врз животната средина и врз основа на мислењето, се подготвува Елаборат за заштита на животна средина. Истиот треба да се подготви, а чие одобрување е во надлежност на Градоначалникот на општината (Службен Весник на РМ бр. 32/12) или Градоначалникот на Град Скопје, поглавје X - Инфраструктура проекти, точка 1 Надградба на локалните патишта.

Елаборат за заштита на животна средина се подготвува во согласност со член 24 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124 / 10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 and 98/18) и Правилник за формуларот и содржина на извештајот за Елаборат за заштита на животна средина во согласност со видовите активности за кои се подготвува извештајот, како и во согласност со субјектите што ја вршат дејноста и обемот на работите што ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување , како и начинот на водење на регистарот на одобрени извештаи (Службен Весник на РМ бр. 44/13, 111/14). Доколку издаденото мислење на МЖСПП е позитивно и треба да се подготви Елаборат за животна средина, Општина Чешиново-Облешево подготвува ваков документ и испраќа копија од истиот заедно со Одлуката до МТВ за одобрување.

Елаборат за заштита на животна средина за релевантниот проект за осовременување на локалната улица: Христијан Тодоровски-Карпош во Општина Чешиново-Облешево беше подготвен од консултантска компанија (февруари 2019), а градоначалникот на општината издаде Решение за одобрување на Елаборатот за заштита на животна средина.

Рамката за управување со животната средина и социјалните аспекти (РУЖССА) беше изготвена (како дел од ППЛП на МТВ) во септември/октомври 2019 г., , со цел да се даде осврт на потенцијалните еколошки и социјални проблеми на проектот во согласност со барањата на Светска банка за проценка и управување со животната средина и социјалните стандарди. РУЖССА беше употребена како најсоодветен инструмент за спроведување детална анализа на животната средина и социјалните прашања. Таа се прави за да се гарантира дека предложениот проект се спроведува во согласност со стандардите за животна средина и социјални прашања на Светска банка, со политиките за еколошка заштита и со националното законодавство за животна средина, а којашто треба да се користи како практична алатка при детерминирање на можните ризици врз животната средина и социјалните аспекти при дизајнирањето на проектот, како и имплементација и следење на проектните активности.

Поради лошата состојба на дел од патната инфраструктура, Општина Чешиново-Облешево има намера да спроведе проект за подобрување на моменталната состојба на улицата „Христијан Тодоровски - Карпош“, с. Чешиново. Активностите на проектот ќе се изведуваат во должина околу 550м и ќе опфаќаат: механичко ископување на почвата; механичко изработување на насипот добиено од ископување; изработка на бетонски елементи; инсталација на системот за одводнување на води; поставување на тампон; стружење на асфалт; расчистување на отпуштени области/канали; премачкување со битуменска емулзија; поставување рабници и бехатон плочки; и поставување на битуменски слој;

Според природата, големината, локацијата и капацитетот за имплементација на ПУЖССА, како и и спецификите на потенцијалните влијанија врз животната средина при осовременување на локалната улица Христијан Тодоровски-Карпош во село Чешиново, но и во оперативната фаза, ***проектот е класифициран како проект со значителни ризици, за што е потребна подготовка на План за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) според социјално-еколошките стандарди на Светска банка.***

# 2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

## 2.1 Појдовна состојба на Општина Чешиново-Облешево

Општина Чешиново-Облешево се наоѓа во источниот дел на Република Македонија, во најнискиот рамничарски дел на Кочанско Поле и во средниот дел од сливот на реката Брегалница. Местоположбата на општината е на средина меѓу најголемите градски општини Кочани, Штип и Пробиштип. На северо-запад општината се граничи со Општина Пробиштип, на исток и северо-исток се граничи со Општина Кочани, на југо-исток со Општина Зрновци, а на југо-запад со Општина Карбинци. Поврзана е со Бугарија преку магистралниот пат Штип-Кочани-Делчево. На Слика 1 претставена е локацијата на Општина Чешиново-Облешево.




Слика 1 Локација на Општина Чешиново-Облешево

Општина Чешиново-Облешево зафаќа територија од 133,5 km$^2$ со 14 населени места и вкупно 7.490 жители. Ова село зафаќа површина од 7 km$^2$ и се наоѓа на надморска височина од 335 м.н.в.

### 2.1.1 Демографија

Според пописот од 2002 година, на територијата на Општина Чешиново-Облешево живеат 7.490 жители во 2.423 домаќинства. Просечниот број на членови по домаќинство е 3,1. Според националната припадност, во општината има 7.455 Македонци, 30 Власи, 4 Срби, а 1 се декларирал како „други“. Од вкупниот број жители, 45,6% се активно население.

### 2.1.2 Климатски одлики

Местоположбата на Општина Чешиново-Облешево е во источниот дел на земјата. Регионот се карактеризира со континентална клима. Зимите се кратки, пролетта е умерена, летото е суво, а есента е умерено топла. Просечната годишна температура изнесува 13°C. Најстуден месец е јануари, со забележана најниска температура од -3,2°C. Најтопол месец е јули со максимална температура од 41,2°C.

Ризик од поплави и ерозија

Општина Берово претставува дел од Источен Плански Регион. Со оглед на големината на подрачјето, различноста и специфичноста а факторите на ерозија, во Источен Плански Регион (ИПР) доминираат разни процеси од кои доминантни се појавите и процесите на водна ерозија од плувијален и флувијален карактер, а видливи се и одрони и свлечишта како и распаѓање на карпите. Најерозивните подрачја се лоцирани во сливот на акумулацијата Калиманци, т.е. во делот на Горна Брегалница. Подрачја од втора категорија на опасност од ерозија се дефинирани и во делот на сливот на Оризарска река. Во Табела 1 се претставени поројни водотеци во ИПР, кои придонесуваат со најголемо количество на продуциран нанос односно оние сливови каде што има и најголеми изворишта на ерозивен материјал (седимент).

Табела 1 Најерозивни поројни сливови според продукција на ерозивен материјал во ИПР

| **Слив** | **W-m$^3$/год. (годишна продукција на ерозивен материјал - нанос)** |
|---|---|
| Злетовска Река | 190.652 |
| Каменичка река | 151.167 |
| Крива Лакавица | 144.846 |
| Река Осојница | 136.602 |
| Желевица | 103.510 |
| Река Сушица | 100.232 |
| Оризарска Река | 74.228 |
| Ратевска Река | 63.509 |
| Брегалница-горен тек | 59.430 |
| Очипалска Река | 49.690 |

*Извор: Просторен план на Источниот плански регион (2013-2030) нацрт*

Поради штетите од ерозијата во минатото во ИПР, изведени се разни противерозивни и противпоројни мерки и активности (пошумени скоро 6000ha тешко еродирани земјишта, уредени се комплетно 17 порои, итн.) (*Извор: Просторен план на Источниот плански регион (2013-2030) нацрт*). На Слика 2 е прикажана проектната локација во однос на ризикот од поплави и ерозија на територијата на СМ.




*извор: https://www.fakulteti.mk/news/18-02-10/vo_narednite_denovi_i_nedeli_se_ochekuva_zgolemen_rizik_od_poplavi_i_svlechishta_niz_makedonija*

Слика 2 ГИС-модел на подрачја под зголемен ризик од поплави (виолетова боја), свлечишта (портокалова) и засилена ерозија (црвена боја) во РСМ

Според горенаведеното, проектната локација во Општина Чешиново-Облешево се карактеризира како локација со низок ризик од ерозија, лизгање на земјиштето и висок ризик од поплавување.

### 2.1.3 Сеизмологија

Предметната локација се наоѓа на територијата на Општина Чешиново-Облешево. Според сеизмолошката карта на земјата, таа припаѓа на подрачје подложно на чести и силни земјотреси што може да ги предизвикаат локални и подалечни епицентри. Во ова подрачје, можни се земјотреси со интензитет од VIII° по Меркалиевата скала.

### 2.1.4 Вода

Реката Брегалница е главниот водотек во општината којашто се наоѓа на средината од нејзиниот слив, а сите други присутни реки се влеваат во неа. Овој воден реципиент се наоѓа на околу 2,2 км југоисточно од предметната локација. Поголеми притоки на Брегалница се Кочанска, Оризарска и Злетовска Река. Покрај нив, има помали реки и потоци како што се Спанчевска и Банска Река. Нивите на територијата на општината се наводнуваат (проток од 10 $m^3/s$) со водите од езерото Калиманци изградено на реката Брегалница. Водите од езерото се користат и за производство на електрична енергија. Населените места во општината се поврзани со канализациски систем, а нивните отпадни води се третираат во пречистителна станица во с. Чешиново.

### 2.1.5 Квалитет на воздухот

Во Република Северна Македонија, мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух врши Министерството за животна средина и просторно планирање. Министерството управува со државниот автоматски систем за квалитет на воздухот составен од 17 мерни станици, од кои 5 се наоѓаат во Скопје. Не постои мерна станица на локацијата на проектот, па затоа ќе биде земена предвид најблиската мерна

станица до локацијата на проектот, т.е. во градот Кочани, северо-источно од локацијата. Во оваа мерна станица за квалитет на воздухот се врши мониторинг на следниве параметри: сулфур диоксид, азот диоксид, јаглерод моноксид, озон и суспендирани честички со големина до 10 микрометри ($PM_{10}$).

Изворите на суспендирани честички се согорување на фосилни горива и биогорива, разни индустриски процеси, сообраќај, согорување на отпад и диви пожари. Еден од најважните извори е греењето на домовите и административните капацитети, главно поради нецелосно согорување на дрвото во старите печки. Прагот на просечната дневна гранична вредност на $PM_{10}$ на мерното место во Кочани во 2018 г. беше надминат 71 ден, а во 2019 г. (до август), прагот на просечната дневна гранична вредност беше надминат 37 дена.

Во Република Северна Македонија, клучниот доминантен извор на сулфур оксиди во воздухот се процесите на согорување горива (јаглен и нафта). Просечните дневни концентрации на $SO_2$ во оваа мерна станица не го надминале прагот за 2018 и 2019 г. (до август). Јаглерод моноксид се формира при нецелосно согорување на горивата во моторите со внатрешно согорување и на енергетските растенија, како и при разни индустриски процеси, во јавните институции и домаќинствата. Максималните дневни 8-часовни просечни вредности на концентрациите на CO во оваа мерна станица за 2018 и 2019 г. (до август) не ги надминале пражните вредности. Максималните дневни 8-часовни просечни вредности на концентрацијата на озон во оваа мерна станица за 2018 и 2019 г. (до август) не го надминале прагот. Едночасовните просечни вредности на $NO_2$ за 2018 и 2019 г. (до август) не го надминале горниот граничен праг.

### 2.1.6 Отпад

Општината има привремена локација за општинска депонија во подрачјето „Букески Дол“, во близина на селото Чифлик. Годишното количество на создаден отпад во општината изнесува 1.404 $m^3$ заклучно со 2009 г. Отпадот го собира ЈКП „Облешево“ во 20 до 50% од населените места. Има диви депонии околу локалните патишта и речните канали.

Бидејќи нема соодветна алтернативна депонија за депонирање на отпад од проектните активности, создадениот отпад треба да се депонира на општинската депонија Букески Дол “, (лоцирана на околу 3 км од областа на проектот во с. Чешиново).

### 2.1.7 Геологија и почва

Општина Чешиново-Облешево е дел од Вардарската зона. Во оваа област, развиени се следните формации: прекамбриски метаморфни карпи, палеозојски метаморфни и магматски карпи, мезозојски седименти и магматски терциерни седименти и вулкански карпи, кватернерни депозити и вулкански карпи. Општината има земјиште со најквалитетни алувијални почви кои се протегаат долж реките Брегалница, Масалница, Кочанска и Злетовска Река. Ридско-планинскиот дел главно е покриен со делувијални почви.

### 2.1.8 Флора и фауна

Општина Чешиново-Облешево има атрактивни низински шумски пејзажи со разновидна фауна. Во Кочанската Котлина доминираат земјоделски култури, житарици, лозови насади и индустриски култури. Освен речното корито на реката Брегалница и другите водотеци, има ливади обраснати со грмушки, врби и тополи. Вегетацијата на шуми и пасишта е карактеристика за повисоките делови. Вкупната површина под шуми во Општина Чешиново-Облешево изнесува 1.045 ha. Многу често растение е оризот – Oryza Poaceae по кој е позната Кочананската Котлина, прикажан на Слика 3.





Слика 3 Растителни и животински претставници во Општина Чешиново-Облешево

Може да се најдат разни форми водоземци, цицачи, влечуги и птици како составен дел од биоценозата во подрачјето на општината. Од аспект на копнен биодиверзитет, најчести се: зајаци, диви свињи и др. Птиците присутни во ова подрачје се еребица, фазан, гулаб итн. Во водните екосистеми се среќаваат следниве риби: црна мрена, штипалка, костреш итн.

### 2.1.9 Бучава

На територијата на Општина Чешиново-Облешево, сѐ уште не се врши мерење/следење на нивото на бучава. Досега нема регистрирано поплаки за зголемено ниво на бучава на проектната локација.

### 2.1.10 Културно наследство

Ова подрачје било многу густо населено во античко време и евидентирани се голем број археолошки наоди и споменици. Меѓу археолошките материјали, најчесто има големи римски питони, покриви и градежна керамика, делови од други садови, делови или цели гробници и некрополи.

Во многу места, пронајдени се и денес сѐ уште се откриваат големи римски питони. Откриени се антички скулптури и надгробни споменици на локалитетот во близина на селото Теранци. Околу 7km од селото Теранци, откриени се остатоци од бедем и од неколку градби.

Од особен интерес е локалитетот во близина на селото Бурилчево. Местото се вика Пилаво. Тука се пронајдени траги од бедемски остатоци што опфаќале поголема оградена површина каде останал доста градежен материјал и керамика. Неколку римски питони се ископани тука. Интересен е локалитетот над селото Соколарци. Од постарите сочувани цркви ќе ја спомeнеме црквата посветена на Свети Архангел Михаил (Слика 4) во село Спанчево. Меѓу постарите цркви е црквата „Манастир“ над селото Соколарци (се наоѓа на околу 4 км северо-источно од областа на проектот)..



Слика 4 Црква Свети Архангел Михаил во с. Спанчево

## 2.2 Локација на проектот

Планираните проектни активности за осовременување ќе се спроведуваат во село Чешиново, кое се наоѓа во источниот дел од Општина Чешиново-Облешево. Должината на локалната улица предмет на овој проект, изнесува 550 m.




Слика 5 Микролокација на улицата за осовременување во с. Чешиново

Проектот е лоциран во населеното место Чешиново. Кон него се приоѓа по патот А3. Теренот се карактеризира со едноставна геоморфологија. Водените маси во близина се: Бањска Река (се наоѓа на 1,3 km северо-западно од локацијата на проектот) и Злетовска Река (на 2,8 km југо-западно од локацијата на проектот). Најголемата река во овој регион, Брегалница, се наоѓа на околу 2,2 km северо-источно од локацијата на проектот. Макролокацијата е прикажана на Слика 5.




Слика 6 Макролокација на проектното подрачје во с. Чешиново

Во непосредна околина на проектната локација (прикажана на Слика 6), се наоѓа ОУ „Страшо Пинџур". Долж локацијата на проектот има индивидуални куќи и земјоделско земјиште. На околу 50m на север, се наоѓа железничка инфраструктура. Не се идентификувани локалитети од културно наследство во близина на предметниот опфат.

Со цел да се обезбеди преглед на сегашната состојба на проектното подрачје, на 10.06.2019 г., ЕСП од МТВ и одговорните лица од Општина Чешиново-Облешево ја посетија локацијата на проектот во село Чешиново. Беше забележана следнава состојба:

а) Локацијата на проектот опфаќа рамен терен;

б) Постоечката улица е асфалтирана и во лоша состојба (недефинирани патни профили; различна ширина на патот, оштетувања на асфалтот, итн.);

в) Висинската разлика меѓу почетната и крајната точка на трасата е многу мала;

г) Долж трасата има живеалишта и селски стопанства; и

д) Тука се наоѓа ОУ „Страшо Пинџур“;

ѓ) Исто така, долж трасата, има огради, одводни канали и далноводи.












Слика 7 Актуелна состојба на проектното подрачје во село Чешиново

По завршување на посетата на лице место, проектниот тим препорача активности кои вклучуваат: изработка на техничка документација со ажуриран геодетски премер (треба да се вклучи одводниот канал), што беше потврдено од општинската администрација; осовременување на улицата со тротоари и нов асфалтен слој, подземни инсталации за осветлување и оптички кабли (ако е потребно/можно); завршување на системот за одводнување на улицата.

## 2.3 Проектни активности

Во Табела 1, дадени се главните проектни активности. Тие ќе се реализираат во три фази: подготвителни активности (обележување и обезбедување на проектната локација, расчистување на трасата на улицата, и сл.), осовременување на улицата и оперативна фаза - активности за редовно и превентивно одржување.

Табела 1 Планирани проектни активности во Општина Чешиново-Облешево

| | **Фази на проектот** | | |
|---|---|---|---|
| | ***Подготвителни активности*** | ***Фаза на осовременување*** | ***Оперативна фаза*** |
| **Проектни активности** | • Обележување и обезбедување на трасата на проектната локација;<br>• Поставување безбедна и предупредувачка сигнализација долж трасата на проектното подрачје. | • Машински ископ на земја;<br>• Изработка на подлога;<br>• Машинска изработка на насип добиен со ископувањето;<br>• Изработка на армирано-бетонски пропуст ø1000;<br>• Инсталација на систем за атмосферска канализација;<br>• Полагање на темелниот слој од патот;<br>• Бетонски работи;<br>• Нанесување битумен по завршните бетонски работи;<br>• Армирање на бетонот;<br>• Гребење на асфалтот и расчистување на изгребаните површини (65,52 $m^3$);<br>• Прекривање на изгребаните површини со битуменска емулзија;<br>• Поставување на рабници и бехатон-плочки;<br>• Полагање носечки битуменски слој врз постојниот и новиот пат. | • Расчистување на локацијата на проектот од создадените текови на отпад;<br>• Одржување во зимскиот период; чистење на дренажни канали |

Земајќи ги предвид видот и обемот на проектните активности и чувствителните рецептори, потенцијалните влијанија и ризикот по животната средина може лесно да се идентификуваат и да се оценат. Очекуваните влијанија врз животната средина од имплементацијата на проектните активности се дадени подолу.

## 2.4 Чувствителни рецептори

Идентификувани се неколку чувствителни рецептори од реализацијата на фазите во проектот:

- Локалното население кое живее долж трасата на проектната локација;
- Учениците кои одат во основното училиште во село Чешиново;
- Работниците кои ќе работат при активностите за осовременување.

Поради спроведување на проектните активности за осовременување, овие чувствителни рецептори ќе бидат засегнати од неколку ефекти врз животната средина, чии ризици се прикажани подолу, според аспекти.

# 3. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ВЛИЈАНИЈА И РИЗИК ПО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, КАКО И ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО И РИЗИКОТ

Според националното законодавство, Елаборат за заштита на животната средина околу соодветните проектни активности беше подготвен во февруари 2019 г., од компанијата „Аква-Инг" од Штип. Извештајот го усвои градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, г. Горанчо Крстев. Елаборатот ги содржи главните цели на проектот, проектните активности, фотографии од локацијата каде што ќе се изведуваат активностите за осовременување и предложените општи мерки за ублажување на ефектите врз животната средина.

Зголемен степен на бучава, емисии во воздухот, потенцијално несоодветно управување со отпадот, ризик по здравјето и безбедноста на работа, како и ризикот за безбедноста на локалната заедница се главните идентификувани негативни влијанија и ризици по животната средина. Не се очекуваат негативни влијанија врз културно наследство. Деталната анализа на секој потенцијален ефект и ризик е прикажана подолу, според аспекти. Потенцијалните влијанија и ризици се прикажани во Табела 2.

Табела 2 Потенцијални влијанија и ризици по животната средина

| ***Потенцијални влијанија*** | | |
|---|---|---|
| ***Подготвителна фаза*** | ***Фаза на осовременување*** | ***Оперативна фаза*** |
| • *Ризик по безбедноста и здравјето на работа за работниците и локалното население (особено во близина на куќите и локалното основно училиште)* | • *Ризик по безбедноста и здравјето на работа*<br>• *Ризик по безбедноста на заедницата*<br>• *Квалитет на воздухот*<br>• *Бучава*<br>• *Создавање на отпад*<br>• *Загадување на водата* | • *Безбедност на локалната заедница*<br>• *Бучава* |

**<u>Аспект: Безбедност и здравје при работа и безбедност на локалната заедница</u>**

Пред започнување на проектот, една од главните обврски на Изведувачот е подготовка и спроведување на **План за безбедност и здравје при работа, заедно со процедури за управување со работната сила, План за безбедност на заедницата** (со соодветни превентивни мерки што треба да бидат дел од проектната документација) и спроведување на барањата за добра меѓународна индустриска пракса. Изведувачот треба да ги обележи и да ги обезбеди локациите на проектот (поставување на предупредувачка сигнализација). *Од суштинско значење е добрата комуникација меѓу Изведувачот, директорот и вработените во училиштето, како и претставниците на локалната самоуправа, со цел да се спречат можни повреди на учениците и да се реализира непречено водење на проектните активности.* Локалното население (особено учениците кои секојдневно одат во основното училиште во с. Чешиново) треба да ги почитуваат превентивните мерки дадени од Изведувачот. Со цел да се обезбеди непречен сообраќај на лица и стоки низ локацијата на проектот, Изведувачот треба да изработи **План за управување со сообраќајот (ПУС)** со временски распоред на проектните активности и насоки за пренасочување на протокот на сообраќај (нацрт-верзијата на ПУС треба да биде дел од предлогот на понудувачите). Изведувачот е должен да достави нацрт верзија на ПУС, кој ќе биде дел од ПУЖССП. Пред почетокот на проектните активности, ажурираниот План за управување со сообраќајот со План за безбедност на заедницата ќе биде доставен до специјалистот за животна средина и социјални аспекти. Истите ќе им се презентираат на засегнатите страни. ПУС ќе опфати мерки за безбедност на учениците и локалното население што ќе го користат патот (одење / возење).

**Известување/Соопштение за медиумите** на општинската веб-страница (http://cesinovo-oblesevo.gov.mk/), треба да содржи опис за видот на активности на под-проектот, со цел да се обезбеди непречен тек на проектните активности. Според Планот за безбедност во заедницата, треба да се организираат предавања за учениците од основното училиште во врска со мерките за безбедност околу локацијата на осовременување. *За да спречи потенцијален ризик по учениците (кои го посетуваат основното*

*училиште), Изведувачот треба да ги распореди проектните активности во летниот период, кога фреквенцијата на ученици е намалена поради летниот распуст.*

Работниците треба да носат опрема за лична заштита. Работодавецот, т.е. Изведувачот/Подизведувачот мора да ги информира и за постоењето на Механизам за поплаки околу надомест на штета, како и за правото на работничко организирање. При работата на овој проект, сите ангажирани работници мора да имаат регулирано работен однос, а нивниот работодавец мора во целост да им го покрие здравственото и пензиското осигурување во периодот на ангажманот.

*Потенцијалното локално влијание при фазата на осовременување се очекува да биде негативно, со умерено значење и со кратко времетраење на влијанието.*

**Аспект: Квалитет на воздухот**

Потенцијалните **емисии во воздухот** може да се појават при транспортот на градежните материјали и работата на тешките машини. Мерките за ублажување на емисиите во воздухот се прикажани во Табелата План за ублажување.

*Во фазата на осовременување, се очекува потенцијалното локално влијание да биде негативно, со големо значење и краторочно времетраење на влијанието.*

**Аспект: Бучава**

Работењето на тешки градежни машини и опрема, исто така, ќе произведе зголемено **ниво на бучава** и вибрации. Во согласност со националното законодавство за амбиентна бучава и вибрации (Службен весник бр. 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15), локацијата на проектот е посочена како подрачје со II степен на заштита од бучава (граничните вредности на бучавата за подрачје со II степен на заштита од бучава не треба да надминат 45dBA ноќе и 55dBA дење и навечер). *Затоа, во текот на проектните активности, Изведувачот треба да ги почитува барањата (дадени во националните и ЕУ-упатства против зголемена амбиентна бучава) и треба да преземе мерки за ублажување, со цел да спречи негативни влијанија од бучавата врз учениците и работниците.*

*Потенцијалното влијание при фазата на изградба се очекува да биде локално негативно, со големо значење и долгорочно времетраење на влијанието.*

**Аспект: Управување со отпад**

Главните **текови на отпад** што може да настанат при градежните активности се: ископ на земја, градежен отпад и шут (постоечки асфалт), комунален отпад и можност од појава на контаминирана почва од повремено истекување на нафта (од градежните машини). Изведувачот треба да ги почитува националните барања во регулативата за правилно управување со отпад. Правилното управување со отпад се изведува преку: категоризација на комуналниот отпад (според Листата на видови отпад - Службен весник на РМ бр. 100/05), сепарација и рециклирање на отпад, транспорт и одлагање на отпадот на соодветни депонии (овој процес ќе го изведува ЈКПД „Облешево" на општинската депонија „Букески дол", која се наоѓа околу 3,5 km јужно од с. Облешево). Исто така, при активностите на проектот, треба да се потпише договор со овластени правни лица за собирање различни видови отпад. Проценетите количини на отпад од ископ на земја и од отстранување на постојниот асфалт (генерирани од активностите на проектот и според Главниот проект) се: ископ на земја (1.081,02 $m^3$) и асфалт (65,52 $m^3$). Треба да се земат предвид опциите за повторна употреба / рециклирање на генерираниот отпад (на пр. повторна употреба на отстранетиот слој на асфалт, ископана почва и др.).

*При активностите за осовременување, се очекува локалното потенцијално влијание да биде негативно, со големо значење и краткорочно времетраење на влијанието.*

**Аспект: Вода**

Како што се споменува претходно, во пошироката околина на проектната локација минуваат неколку водотеци: Бањска Река (на 1,3 km северо-западно од локацијата на проектот); Злетовска Река (на 2,8 km југо-западно од локацијата на проектот) и Брегалница (на околу 2,2 km северо-источно од локацијата на проектот). Категоризацијата на водата во овие водени маси е од III класа (еутрофични - со високо органско оптоварување и со ниско ниво на автопречистување; не може да се користи за капење и рекреација, за спортови на вода и рибници) според Уредбата за категоризација на водотеците и езерата - Службен весник на РМ бр. 18/99. Поради големото растојание меѓу релевантните водотеци и локацијата на проектот, не се очекува намалување на нивниот квалитет на водата. И покрај оваа констатација, за да се спречи дополнително загадување на релевантните водотеци, Изведувачот треба да забрани привремено или конечно одлагање на отпад близу или во самите речни корита.

*При активностите за осовременување, од аспект на управување со отпад, се очекува ниска веројатност на потенцијалното влијание, со средно значење и кратко времетраење на влијанието.*

**Аспект: Биодиверзитет (флора и фауна)**

Во пошироката околина на проектната локација се наоѓаат следниве заштитени подрачја: Значајно растително подрачје (ЗРП) „Плачковица“ (на околу 13 km југо-источно од подрачјето на проектот); Значајно подрачје за птици (ЗПП) „Долина на Злетовска Река“ (на околу 3,3 km северозападно од подрачјето на проектот); и Емералд подрачје „Овче Поле“ (на околу 3,3 km северозападно од подрачјето на проектот). Поради големото растојание меѓу овие заштитени подрачја и локацијата на проектот во Општина Чешиново-Облешево, не се очекуваат негативни влијанија и ризици по нивниот биодиверзитет.

*При активностите за осовременување, не се очекува потенцијално влијание врз биолошката разновидност.*

Во табелите за Планот на ублажување и мониторинг, предложени се превентивни мерки и мерки за ублажување. Нив треба да ги спроведе Изведувачот. Следењето на нивната имплементација е главна обврска на Надзорот. За реализација на активностите од под-проектот, без потенцијален еколошки ризик и ризик по здравјето и безбедноста при работа, од суштинско значење е да се обезбеди добра комуникација меѓу Изведувачот, директорот и вработените во училиштето, општинскиот персонал (Комунален Инспектор, Инспектор за животна средина, Проектен Менаџер), ЕСП при МТВ и Надзорниот инженер.

## Спроведување на ПУЖССП

Овој План за управување со животната средина и социјалните прашања (ПУЖССП) треба да е дел од договорот кој Единицата за спроведување на проектот (ЕСП) ќе го потпише со Изведувачот за имплементација на проектните активности. Изведувачот е должен да ги преземе сите предложени мерки во овој план за превенција или ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти и да води евиденција на документите за истите (на пр. писмо до Општината за исфрлање на инертен отпад, документи за одржани обуки за БЗР пред започнување со проектните активности, сите Планови за Мерки за животна средина и безбедност на работниците итн.). Обуката за безбедност и здравје при работа треба да биде организирана од страна на Изведувачот за сите работници пред почеток на проектните активности и пред извршување на задачи кои се со висок ризик по здравјето. Обуката треба да биде одржана од страна на овластено тело за Безбедност и здравје при работа, а секојдневните ризици поврзани со БЗР треба да бидат оценети од страна на Одговорното лице за БЗР кое ќе работи на проектните локации на дневна база и е поставено од страна на Изведувачот.

Надзорниот инженер е потребно да ја следи имплементацијата на предложените мерки од Изведувачот и под-изведувачите преку визуелни проверки, преглед на документите поврзани со спроведување на мерките, и во случај некои од мерките да не се преземени, потребно е да го задолжи Изведувачот да ги преземе што е можно поскоро. Потребно е да се води евиденција за несообразностите и Извештаите за несообразностите е потребно веднаш да се доставаат до Општината (Проектниот менаџер), па потоа

Проектниот менаџер ќе го достави до Единицата за спроведување на проектот. Сите несообразности е потребно да се решат со соодветни мерки и е потребно да се зачуваат записите за истите. Редовните месечни извештаи е потребно да ги содржат сите проблеми кои се појавиле во тој период, а се однесуваат на животната средина и социјалните аспекти. Докази за решенијата на овие проблеми е исто така потребно да се чуваат.

Единицата за спроведување на проектот ќе ги има главните одговорности поврзани со имплементација на проектот, координација, мониторинг и известување.

Експертот за животна средина и социјални аспекти ангажиран од страна на ЕСП ќе биде задолжен да се погрижи за соодветно управување со животната средина за време на сите Проектни активности, да изврши надзор преку преглед на документите, посета на локациите и да води разговори со Изведувачот, Надзорниот инженер и Општинскиот персонал. Експертот ќе проверува дали Изведувачот работи во согласност со ПУЖССП, ќе врши посета на проектната локација најмалку еднаш месечно и Извештајот за мониторинг кој ги опфаќа главните проблеми и временската рамка за нивно решавање ќе го подготви и достави до ЕСП. Полу-годишниот Проектен извештај потребно е да содржи поглавје со ризици/влијанија врз животната средина и социјалните аспекти и статус на имплементација на предложените мерки од ПУЖС.

Општината има главна улога во мониторинг на секојдневните проектни активности, ангажирање на Надзорниот инженер, координација на проектните активности и одредување на одговорното лице – Проектен Менаџер.

ЕСП е потребно да организира редовни средби на месечно ниво или за време на посета на локацијата со Проектниот менаџер, Изведувачот, претставници од МТВ, одговорно лице од општината и Експерт за животна средина и социјални аспекти.

## Јавно објавување

Општина Берово доставува нацрт-верзија на овој ПУЖССП за преглед и одобрување на ЕСП и Специјалист за животна средина и социјални аспекти, кои тогаш (кога се уверени дека документот ги исполнува барањата за квалитет и содржина на СБ) го доставуваат нацрт-документот за преглед и одобрување од Светската банка . По добивањето на дозволата, документот треба јавно да се објави.

Нацрт верзијата на ПУЖССП ќе биде достапен за јавноста на веб-страницата на Општина Чешиново-Облешево (http://cesinovo-oblesevo.gov.mk/) и на веб-страницата на МТЦ ПИУ (http://www.mtc.gov ). Во текот на 14 дена по објавувањето на подготвениот документ, Општина Чешиново-Облешево ќе спроведе јавна расправа со цел да ја информира јавноста за предложените активности на под-проектот, предвидените влијанија и начините на нивно ублажување. Доколку има какви било важни повратни информации дадени за време на јавната расправа, таквите повратни информации треба соодветно да се адресираат и да бидат вградени во конечниот документ.

Врз основа на коментарите добиени од засегнатите страни, ќе се подготви записник од јавната расправа, вклучувајќи листа на учесници и главни коментари за подготвениот документ. Конечниот ПУЖССП ќе биде доставен до МТВ и ЕСП за конечно одобрување на од страна на Специјалистот за животна средина и социјални аспекти. По одобрувањето на ПУЖССП, документот ќе биде јавно достапен заедно со Записник од спроведената јавна расправа.

Одобрената Конечна верзија на ПУЖССП треба да биде вклучена во Договорот за грант за под-проектот, а потоа во соодветните тендерски документи и договори за градежништво.

# 4. ПЛАН ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКО-СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ

| **Потенцијален ефект** | | **Скала на влијание** | **Предложени мерки за ублажување** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|---|
| **Проектна активност: Обележување на трасата за осовременување на улицата „Христијан Тодоровски-Карпош“ во Општина Чешиново-Облешево** | | | | |
| ***Аспект: Прашања на безбедност и здравје при работа и безбедност на локалната заедница*** | ***Очекувано влијание:***<br><br>Потенцијални негативни влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците и локалното население при фазата на изградба на локалната улица поради:<br>- Недостаток на обезбедени безбедносни мерки при почетокот на градежните работи<br>- Повреда при поминување во близина на градилиштето и на отворен ров и шахти<br>- Непочитување на строгите стандарди за БЗР и процедурите на работа<br>- Несоодветен пристап на јавноста во с. Чешиново. | **Локално/ краткорочно/ големо влијание со умерено значење долж улицата во населеното место Чешиново каде што ќе се реализираат проектните активности** | • Подготовка, одобрување и имплементација на **План за безбедност и здравје во заедницата**;<br>• Подготовка, одобрување и спроведување на **План за управување со сообраќајот**, заедно со вработените во општината, пред почетокот на проектните активности;<br>• Изведувачот е должен да достави нацрт верзија на ПУС, кој ќе биде дел од ПУЖССП. Пред почетокот на проектните активности, ажурираниот План за управување со сообраќајот со План за безбедност на заедницата ќе биде доставен специјалистот за животна средина и социјални аспекти. Истите ќе им се презентираат на засегнатите страни. ПУС ќе опфати мерки за безбедност на учениците и локалното население што ќе го користат патот (одење/ возење);<br>• Планот за безбедност на Заедницата треба да организира предавања за учениците од основното училиште за мерките за безбедност долж предметниот опфат;<br>• Обезбедување информации преку телевизија, радио и преку општинскиот веб-сајт (http://cesinovo-oblesevo.gov.mk/) за градежните активности - започнување и завршување на секојдневната работа и локација на активностите, времетраење на работата и сообраќаен пристап преку други улици;<br>• Поставување на соодветно предупредување, информации и знаци за предупредување околу градилиштата во село Чешиново;<br>• Обезбедување коридори за поминување и безбедна пешачка линија при изградбата;<br>• Задолжителна примена на добра градежна пракса и безбедносни мерки, како на пр.: а) употреба на соодветна заштитна облека и опрема од страна на работниците; б) одржување на лична хигиена; в) при работите, треба да се обезбедат прибори за прва помош и медицински услуги на локациите;<br>• Заштита на пешаците, локалното население - оградување на локацијата на проектот и спречување пристап до градилиштето за неовластени лица;<br>• Градилиштето треба да се одржува чисто и без отпад. Отпадот треба веднаш да се собере и да се отстрани за да се превенираат повреди;<br>• На градилиштето треба да се постави мобилен тоалет; | • Изведувач-Понудувач/ Подизведувач<br>• Надзор<br>• Општински персонал (комунален инспектор/инспектор за животна средина) |

| Потенцијален ефект | | Скала на влијание | Предложени мерки за ублажување | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Со машините треба да ракуваат искусни и обучени лица, со што ќе се намали ризикот од несреќи;<br>• Треба да се обезбеди постојано присуство на противпожарни уреди во случај на пожар или други оштетувања;<br>• Сите работници мора да се запознаат со опасностите и противпожарните мерки, и мора да бидат обучени за ракување со противпожарни апарати, хидранти и други уреди кои се користат за гасење пожари;<br>• На локацијата на проектот, не треба да се чуваат големи количества запаливи течности. | |
| **Проектна активност: Осовременување на улицата „Христијан Тодоровски-Карпош“ во Општина Чешиново-Облешево** | | | | |
| ***Аспект: Квалитет на воздухот*** | ***Очекувано влијание:***<br><br>Потенцијални емисии од превозните возила и влијание врз квалитетот на воздухот во с. Чешиново поради:<br>- Емисии на гасови од работата со градежни машини како: $CO_2$, $NO_x$, PAH, $SO_2$ и суспендирани честички ($PM_{10}$, $PM_{2.5}$). | **Локално/ краткорочно/ со големо значење во с. Чешиново** | • Градилиштето, транспортните патеки и локациите каде што се ракува со материјали треба да се прскаат со вода во суви и ветровити денови;<br>• Градежните материјали треба да се чуваат на соодветни покриени места заради намалување на прашината;<br>• Товарните возила кои емитуваат прашина треба да бидат покриени;<br>• Употреба на заштитни маски за работниците ако се појави прашина;<br>• Ограничување на брзината на возилата на градилиштата;<br>• Редовно одржување на возилата и градежната механизација, со цел да се намали истекување на моторни масла, емисии и ширење на загадувањето;<br>• Не е дозволено горење на остатоци од расчистувањето на тлото. | • Изведувач-Понудувач<br>• Надзор |
| ***Аспект: Отпад*** | ***Очекувано влијание:***<br><br>Можното негативно влијание врз животната средина и здравјето може да настанат како резултат на создавањето разни видови отпад;<br>Несоодветно управување со отпад и ненавремено собирање и транспорт на комуналниот отпад | **Локално/ краткорочно/ со големо значење за локацијата на проектот - локалната улица „Христијан Тодоровски-Карпош“** | • Идентификација на разните видови отпад на местото на проектот (почва, асфалт, храна, итн.);<br>• Класификација на отпадот според националната Листа на отпад (Службен весник бр.100/05);<br>• Главниот отпад би се класифицирал според Глава 17 „Отпад од градежни активности и уривање (заедно со ископана земја од контаминирана локација)“ со шифра на отпад 17 05, 17 05 06 - ископана земја, 17 09 04 - мешан отпад од градилишта;<br>• Може да има и мала количина на комунален цврст отпад (храна, пијалаци), како и амбалажен отпад (хартија, шишиња, стакло, и сл.). Треба да се обезбедат соодветни контејнери / канти за отпад на градилиштето за време на проектните активностите;<br>• Собирање, транспорт и одлагање на инертен комунален отпад од страна на ЈКП „Облешево“ на општинската депонија „Букески дол“, кој се наоѓа околу 3,5 | • Изведувач-Понудувач<br>• Надзор<br>• Вработени во општината (инспектор за животна средина и комунален инспектор)<br>• ЈКП „Облешево“ од Облешево |

| **Потенцијален ефект** | | **Скала на влијание** | **Предложени мерки за ублажување** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|---|
| | | | km јужно од населеното место Облешево. Треба да се земат предвид опциите за повторна употреба / рециклирање на генерираниот отпад (на пр. повторна употреба на отстранетиот слој на асфалт, ископана почва и др.);<br>• Потенцијалниот опасен отпад (моторни масла, горива за возила, и сл.) треба да се собира одделно, а овластен собирач и транспортер треба да биде договорен како подизведувач за транспорт и одлагање;<br>• Материјалите треба да се опфатат со транспортот за да се избегне расфрлање на отпадот;<br>• Горењето на градежен отпад треба да биде забрането. | |
| ***Аспект: Вознемирување со бучава*** | ***Очекувано влијание:***<br><br>Можно вознемирување со бучава како резултат од користење на надворешна опрема и транспортни возила низ градилиштето | **Локално/ краткорочно/ со големо значење/низ локацијата на проектот во с. Чешиново** | • Опремата треба да има соодветни уреди за намалување на степенот на бучава;<br>• Проектната локација во село Чешиново припаѓа на второто ниво на заштита од бучава (површина со семејни куќи, образовни установи, и сл.) и максимално дозволеното ниво на бучава треба да биде 45dBA ноќе и 55dBA навечер и дење;<br>• Контролата на нивото на бучава треба да се врши во најактивните периоди на работите;<br>• Градежните работи не се дозволени ноќе, а операциите на градилиштето се ограничени на времето од 7:00 до 19:00 ч.;<br>• Премногу бучните возила не треба да се користат сѐ додека не се преземат корективни мерки.<br>• Контролата на нивото на бучава треба да се изврши пред почетокот на работните активности и за време на работните часови (од особена важност кога ќе се одвиваат проектните активности во непосредна близина на основното училиште); | • Изведувач-Понудувач<br>• Надзор |
| ***Аспект: Квалитет на водата*** | ***Очекувано влијание:***<br><br>Може да дојде до потенцијални еколошки влијанија врз соодветните водотеци поради подземна контаминација (од излевање на материјали како горива, моторни масла и мазива) и поради одлагање на | **Локално/ краткорочно/ близу соодветните водотеци**<br><br>**Средно значење**<br><br>**Мала веројатност** | • Потенцијалниот опасен отпад (моторни масла, горива, мазива) треба да се собира посебно, а како подизведувач за транспорт и одлагање на опасниот отпад треба да се ангажира овластена компанија;<br>• Во согласност со националното законодавство за управување со отпад, забрането е привремено или крајно одлагање во, или во близина на речните корита на реките Брегалница, Злетовска и Бањска Река. | • Изведувач-Понудувач<br>• Надзор |

| Потенцијален ефект | | Скала на влијание | Предложени мерки за ублажување | Одговорност |
|---|---|---|---|---|
| | отпад близу или во самите речни корита. | | | |
| ***Оперативна фаза:*** **Работи на улицата „Христијан Тодоровски-Карпош" во Општина Чешиново-Облешево** | | | | |
| Поради присуството на основното училиште долж трасата на локацијата на проектот, потребно е спроведување на мерки за ублажување во оперативната фаза на локалната улица, кое треба да опфати: поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација за ограничување на брзината на возилата; примена на пречки за ограничување на брзината на патот („лежечки полицајци" и банкини и сл.). Сите мерки за ублажување треба да бидат во согласност со националните одредби за безбедност во сообраќајот - Закон за безбедност во патниот сообраќај (Службен весник на РМ, бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11,114/12, 27/14 и 169/15). | | | | |

# 5. ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ

| Кој параметар треба да се следи? | Каде е параметарот што ќе се следи? | Како ќе се следи параметарот? | Кога ќе се следи параметарот (фреквенција на мерење)? | Зошто да се следи параметарот? | Трошоци | | Одговорност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Изградба | Операции | Осовременување на улица во с. Чешиново, во Општина Чешиново-Облешево | Операции на улица во с. Чешиново |
| **Фаза на проектот: Обележување на трасата за осовременување на улицата „Христијан Тодоровски Карпош" во Општина Чешиново-Облешево** | | | | | | | | |
| Подготвени сите потребни документи во врска со безбедност и здравје при работа (БЗР), безбедност во заедницата и управување со сообраќајот | Во рамките на проектната локација | Увид во подготвената документација (План за БЗР, План за безбедност во заедницата План за управување со сообраќајот (ПУС) | При активностите за расчистување; На почетокот од секој работен ден во текот на под-проектните активности | За да се спречат ризиците по здравјето и безбедноста - механички повреди; За да се испочитува националната здравствена регулатива и стандардите за БЗР | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач-Понудувач Надзор Комунален инспектор во Општина Чешиново-Облешево | |
| Обука на работниците и информирање на локалното население за проектните активности | На проектната локација | Обука за БЗР од страна на овластена компанија ангажирана од Изведувачот<br><br>Обезбедување на информации | Пред започнување на проектните активности | За да се спречат здравствените и безбедносните ризици - механички повреди на работникот и локалното население Да биде во согласност со националните комунални | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач - Понудувач Надзор Комунален инспектор во Општина Чешиново-Облешево | |

| Кој параметар треба да се следи? | Каде е параметарот што ќе се следи? | Како ќе се следи параметарот? | Кога ќе се следи параметарот (фреквенција на мерење)? | Зошто да се следи параметарот? | Трошоци | | Одговорност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Изградба | Опера ции | Осовременување на улица во с. Чешиново, во Општина Чешиново-Облешево | Операции на улица во с. Чешиново |
| | | преку ТВ, радио и веб-страница на општината (http://cesinovo-oblesevo.gov.mk/)за проектните активности | | здравствени регулативи и стандардите за БЗР | | | | |
| **Фаза на проектот: Осовременување на улицата „Христијан Тодоровски Карпош“ во Општина Чешиново-Облешево** | | | | | | | | |
| Обезбедување безбеден тек на сообраќајот во селото Чешиново | Во рамките на проектното подрачје во с. Чешиново | Визуелно следење | Во текот на работниот ден | За да има безбеден тек на сообраќајот низ локацијата на проектот и лесен пристап на локалното население до својот имот и до јавните објекти | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач/Подизведувач<br>Надзор<br>Сообраќаен инспектор надлежен за Општина Чешиново-Облешево | |
| Употреба на лична заштитна опрема | На локацијата | Визуелно следење | Повремено, во текот на изградбата | Да се обезбеди безбедност на работниците | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач/Подизведувач<br>Надзор<br>Трудов инспектор надлежен за Општина Чешиново-Облешево | |
| Обезбедување безбедна пешачка патека и коридори за поминување | На локацијата | Визуелно следење | Повремено, во текот на изградбата | За да има безбеден тек на сообраќајот низ локацијата на проектот и лесен пристап на локалното население до својот имот и до јавните објекти | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач/Подизведувач<br>Надзор<br>Сообраќаен инспектор надлежен за Општина Чешиново-Облешево | |
| Примарна селекција на создадените разни видови отпад на локацијата на проектот | На градилиштето | Увид во документација-та | На почетокот на работата со нов/и материјал/и | За да се овозможи двоење на опасниот од неопасниот отпад, како и на инертниот од биоразградливиот отпад како и селектирање на фракции на отпад што не може да се употребуваат повторно | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач-Понудувач<br>Надзор | |

| Кој параметар треба да се следи? | Каде е параметарот што ќе се следи? | Како ќе се следи параметарот? | Кога ќе се следи параметарот (фреквенција на мерење)? | Зошто да се следи параметарот? | Трошоци | | Одговорност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Изградба | Операции | Осовременување на улица во с. Чешиново, во Општина Чешиново-Облешево | Операции на улица во с. Чешиново |
| Собирање и транспорт на опасен отпад (ако се појави) | Во безбедно привремено складиште | Увид во Превозниот лист и во состојбата на складиштето | Пред транспортот на опасен отпад (ако постои) | За да се подобри практиката на управување со отпад на општинско и национално ниво / За да не се одлага опасен отпад на местата за одлагање комунален отпад | Вклучено во буџетот на проектот | | Овластен изведувач за собирање и транспортирање на опасен отпад (ако се појави) | |
| Собирање, транспорт и крајно одлагање на цврст отпад | На локацијата на проектот (во селото Чешиново) | Визуелно следење и увид во превозниот лист и листот за одлагање на подизведувачот | По секојдневно собирање и транспорт на отпадот на редовна основа | За да не се остава и да не се одлага отпад на локациите, со цел да се избегне влијание врз животната средина и врз здравјето на локалното население;<br>За да има реални податоци за создадените текови на отпад и за да се подобри управувањето со отпадот | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач-Понудувач<br>Надзор и ЈКП „Облешево“ од Облешево | |
| Основен мониторинг на бучавата и дополнително по јавни приговори (доколку се случи) | Долж улицата каде што има семејни куќи и во близина на основното училиште | Со калибрирана опрема за мерење на бучава | Пред започнување на градежните активности и за времетраење на градежната фаза | За да се обезбеди ниво на бучава во рамките на ограничувањата според регулативата;<br>За да се спречи вознемирување со бучава | Дел од редовните трошоци на Изведувачот | | Изведувач;<br>Акредитирана компанија за мерење на ниво на бучава ангажирана од страна на Изведувачот;<br>Овластен инспектор за животна средина, градежен инспектор | |
| Можно одлагање на отпад (цврст и течен) во речните корита на релевантните водени маси или во нивна близина | Во селото Чешиново близу до локацијата на проектот | Визуелна проверка дали отпадот се отстранува во близина на релевантен водотек и одводен канал долж улицата | Во текот на проектните активности (еднаш неделно) | За да се обезбеди добра состојба на квалитетот на водата;<br>За да се спречи можно загадување на водата | Вклучено во буџетот на проектот | | Изведувач-Понудувач<br>Надзор | |

| Кој параметар треба да се следи? | Каде е параметарот што ќе се следи? | Како ќе се следи параметарот? | Кога ќе се следи параметарот (фреквенција на мерење)? | Зошто да се следи параметарот? | Трошоци | | Одговорност | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Изградба | Операции | Осовременување на улица во с. Чешиново, во Општина Чешиново-Облешево | Операции на улица во с. Чешиново |
| Исполнет Годишен извештај за собирање, транспорт и одлагање на отпадот | Кај администрацијата на локалната самоуправа | Увид во документацијата - посочување на Лист за отпад | По извршување на задачата за собирање, транспорт, привремено отстранување и депонирање на отпадот | За да се подобри управувањето со отпад на локално и национално ниво; За да се испочитуваат националните законски барања | Вклучено во буџетот на проектот | | Градоначалник на Општина Чешиново-Облешево/ Министерство за животна средина и просторно планирање | |
| **Фаза на проектот: Оперативна фаза на улицата „Христијан Тодоровски-Карпош“ во Општина Чешиново-Облешево** | | | | | | | | |
| Поставување на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација за ограничување на брзината на возилата, пречки за ограничување на брзината на патот („лежечки полицајци“, банкини, и сл.) | Долж улицата, особено во близина на основното училиште | Намален број на сообраќајни несреќи по улицата и во близина на основното училиште | Континуирано (параметарот треба да се следи во согласност со - Законот за безбедност во патниот сообраќај - Службен весник на РМ, бр. 54/07, 86/08, 98/08, 64/09, 161/09, 36/11, 51/11, 114/12, 27/14 и 169/15). | За да се постигне безбедност на локалното население и учениците во согласност со националните одредби за безбедност во сообраќајот | | Општински буџет | | Министерство за внатрешни работи (подрачна служба во Општина Чешиново-Облешево |

# 6. АНЕКС



Слика 8 Графички приказ на проектната локација во с. Чешиново




Слика 9 Надолжен пресек на изгледот на релевантната улица и системот за канализација

# АНЕКС I Спроведување на постапка за јавен увид на документ и учество на јавноста на јавна расправа во Општина Чешиново Облешево

## Записник

од јавна расправа со цел информирање на граѓаните и засегнатите страни за активностите предвидени со Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ и за документот "План за управување со животната средина и социјалните аспекти за реконструкција на локална улица Христијан Тодоровски – Карпош во Општина Чешиново Облешево" одржана на **12.11.2019.**

*Дневен Ред*

1. Прзентирање на „Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ„
2. Презентација на "План за управување со животната средина и социјалните аспекти"
3. Прашања и Дискусија

Поканата за јавната расправа како и релевантните документи беа поставени на интернет страната на Министерството за транспорт и врски http://www.mtc.gov.mk/; и на интернет страната на Општина Чешиново Облешево https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d1%80%d0%b0%d1%81%d0%bf%d1%80%d0%b0%d0%b2%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d1%83%d0%bb-%d1%85%d1%80%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%98%d0%b0%d0%bd-%d1%82%d0%be%d0%b4%d0%be%d1%80%d0%be%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%bf%d0%be%d1%88/ со што заинтересираната јавност имаше можност за увид во документите и запознавање со планираните проектни активности за реконструкција на локалната улица.

На јавната расправа присуствуваа претставници од Министерството за транспорт и врски и претставници од Општина Чешиново Облешево ( во прилог на документот е дадена Листа на присутни).

Јавната расправа се одржа во просториите на Општина Чешиново Облешево на 12 Ноември 2019 година со почеток во 12.30 часот.

На Јавната расправа беше извршена презентација на:

- Проектот за поврзување на локални патишта во РСМ од страна на претставник на МТВ г-дин Костадин Саздов и
- План за управување со животната средина и социјалните аспекти за реконструкција на локална улица од страна на Консултант за животна средина.

Во рамки на дискусијата која се разви претставниците на општината беа заинтересирани во кој рок би се реализирал проектот, како и околу можноста за спогодување со сопственикот на објектот чија локација се наоѓа на трасата каде се предвидува пешачка патека на улицата Христијан Тодоровски – Карпош. Од страна на претставникот на МТВ им беше појаснето дека се планира по спроведување на тендерската постапка за избор на Изведувач и Надзор проектните активности да отпочнат на пролет 2020 година кога е и најповолен период за градежни активности.

Јавната расправа заврши во 13,30 часот. Во Прилог 3 на документот се приложени фотографии од одржаната јавна расправа.

Прилог 1 Известување и Објава за одржување на јавна расправа за "План за управување со животната средина и социјалните аспекти"

Министерство за транспорт и врски
Проект за локални патишта за поврзување во РСМ

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**
**за достапност на документ и одржување на јавна расправа за документот "План за за управување со животната средина и социјалните аспекти" во рамки на Проектот за локални патишта за поврзување во РСМ**

Во рамки на "Проектот за локални патишта за поврзување во РСМ" кој се реализира од Министерството за транспорт и врски со финансиска поддршка од Светска Банка, а со цел подобрување на локалната патна инфраструктура Општина Чешиново - Облешево аплицираше со проект за реконструкција на улица Христијан Тодоровски – Карпош и во село Чешиново. Согласно барањата на Светска Банка беше подготвен документ "План за управување со животната средина и социјалните аспекти" во кој се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализацијата на проектот.

Документот "План за управување со животната средина и социјалните аспекти" ќе биде ставен на јавен увид на веб страните на: Министерството за транспорт и врски (http://www.mtc.gov.mk) и на Општина Чешиново-Облешево (http://cesinovo-oblesevo.gov.mk).

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 14 дена од поставување на документот на веб страна до Г-ѓа Харита Пандовска на следната e-mail адреса: harita.pandovska@mtc.gov.mk или во печатена форма да ги испратите на следната адреса: Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија, Даме Груев бр. 6 , 1000 Скопје.

Со цел презентирање на главните наоди од подготвениот документ "План за управување со животната средина и социјалните аспекти", Министерството за транспорт и врски заедно со Општина Чешиново-Облешево ќе организираат јавна расправа на ден 12.11.2019 со почеток во 12.30 часот. Јавната расправа ќе се одржи во просториите на Општина Чешиново-Облешево.

Записник од јавната расправа ќе биде испратен до сите заинтересирани кои доставиле коментари преку нивните контакти (доставените e-mail адреси/поштенски адреси).

**Министерството за транспорт и врски**
**на Република Северна Македонија**


Општина Чешиново-Облешево
FOLLOW:
MORE
авна расправа за ул.„Христијан Тодоровски –
арпош“ с.Чешиново
ИСПРАТИ ПОРАКА


Општина Чешиново-Облешево
FOLLOW:
MORE
Јавна расправа за ул.„Христијан Тодоровски – Карпош“ с.Чешиново
SEP Local Roads Connectivity Project
ESMP_Проект Чешиново-Облешево

**Прилог 2 Листа на присутни на јавна расправа во општина Чешиново Облешево на 12.11.2019**

Проект за поврзување на локалните патишта

Листа на присутни

на Јавна расправа за "План за управување со животната средина и социјалните аспекти" во рамки на Проектот за локални патишта за поврзување во РСМ

Чешиново Облешево (12.11.2019 год)

| Ред. Бр. | Име и презиме | Институција | Позиција | Контакт телефон | E-mail |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| 2 | Благоја Митев | ЕЛС Чешиново-Облешево | Внатр. ревизор | 071-388-149 | blagoja.mitev@gmail.com |
| 3 | [illegible] | [illegible] | [illegible] | 075 387 372 | [illegible]@gmail.com |
| 4 | Гичева Санела | ЕЛС Чешиново-Облешево | Соработник за градежно земјиште | 076-406-770 | gicheva.sanela@cesinovo-oblesevo.gov.mk |
| 5 | Саздов Костадин | Проектна единица за имплементација за Мин. за транспорт и врски | Експерт за инфраструктура | 075-288-219 | kostadin.sazdov.piu@mtc.gov.mk |
| 6 | Марија Николоска | Еко Новатик | Консултант за животна средина | 070 773 003 | marija@ekonovatik.com.mk |
| 7 | | | | | |
| 8 | | | | | |
| 9 | | | | | |

1

**Прилог 3 Фотографии од одржана јавна расправа**




